

# Квир
## сквер

Уредник на едицијата: Никола Гелевски
Уредник: Иван Шопов
Лектура: Бобан Карапејовски
Графичко уредување: КОМА
Печати: Пропоинт
Тираж: 500

www.templum.com.mk

traduki

Објавувањето на ова дело беше поддржано од ТРАДУКИ, книжевна мрежа, на која ѝ припаѓаат Сојузното министерство за европски и меѓународни прашања на Република Австрија, Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија, швајцарската културна фондација Про Хелвеција, КултурКонтакт Австрија, Гете Институтот, Агенцијата за книги на Словенија ЈАК, Министерството за култура на Република Хрватска и фондацијата „С. Фишер“.

© copyright of the translation: S. Fischer Foundation by order of TRADUKI

Насловната фотографија е од филмот:
Heavenly Creatures, 1994

CIP – Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“,

Скопје

821.163.3/.6-32(082.2)

ПРИСТОЕН живот : лезбејски кратки раскази од просторот на Екс ЈУ / превод од српски, хрватски и босански Николина Андова Шопова, превод од словенечки Драгана Евтимова. - Скопје : Темплум, 2015. - 237 стр. ; 21 см. - (Квир сквер ; кн. 6)

Белешки за авторките: стр. 227-232

ISBN 978-608-4658-46-7

COBISS.MK-ID 99888138

Квир сквер 6

# ПРИСТОЕН ЖИВОТ

## ЛЕЗБЕЈСКИ КРАТКИ РАСКАЗИ ОД ПРОСТОРОТ НА ЕКС ЈУ

Превод од српски, хрватски и босански:
Николина Андова Шопова

Превод од словенечки:
Драгана Евтимова

ТЕМПЛУМ

Скопје, 2015

# СОДРЖИНА

Девет пива *Ј. Ленголд (Н.А.Ш.)* ............................ 9

Нина: единаесет фрагменти
*Ј. Ленголд (Н.А.Ш.)* ........................................... 19

Пат во Out *Л. Бегагиќ (Н.А.Ш.)* ............................ 30

Ние трите *Л. Бегагиќ (Н.А.Ш.)* .............................. 42

Разграничување *Ш. Шехабовиќ(Н.А.Ш.)* ............ 50

Граница *О. С. Иванчевиќ (Н.А.Ш.)* ...................... 69

Вентил *Д. Барзут (Н.А.Ш.)* ................................... 80

Домување *У. Стерле (Д.Е.)* .................................... 87

Лезбејски бајки, бајки за лезбејки
*У. Стерле (Д.Е.)* ........................................ 103
Сиромаштија *У. Стерле (Д.Е.)* ......................... 113
Неделен ручек *И. Хлавач (Н.А.Ш.)* ................ 118
Пристоен живот *И. Хлавач (Н.А.Ш.)* ............. 122
Неповратно *Н. Сукич (Д.Е.)* ............................. 127
Изменети состојби *Н. Сукич (Д.Е.)* ................ 134
Трамвај на месечината *Л. Каламуиќ (Н.А.Ш.)* 143
Усни *Л. Каламуиќ (Н.А.Ш.)* ................................ 155

Без идеја *Ј. Тешановиќ (Н.А.Ш.)* ...................... 165
Новогодишен бакнеж *С. Траӣник (Д.Е.)* ....... 172
Цреши близначки *И. Цвеӣковиќ* .................. 178
Калеидоскоп *И. Цвеӣковиќ*.......................... 184
Нектар *Р. Бужаровска* ................................ 190
Безљубни *Б. Секулоска*................................ 203
Рибите *Николина Андова Шоӣова*.................. 218
Белешки за авторките ................................. 227

Јелена
Ленголд

# ДЕВЕТ ПИВА

Таа девојка, да речеме, беше згодна. Имаше сосема солидни гради, добра половина под нив и интересна уста. Тоа беше устата на Орнела Мути во крупен кадар. И тука сличноста со Орнела Мути завршува.

Меѓутоа, имаше ситни очи, очи кои на ништо не се задржуваа долго. Ги облетуваа своите невротични вртлози, како и нејзините гласно изговорени мисли. На главата имаше многу ситни, неуредни локни кои воопшто не изгледаа природно. Под косата ѝ стрчеа големи обетки, некаков надреален грозд од

сребреници што ѕвечкаше секојпат кога ќе се помрднеше. Тие обетки ретко имаа шанса да ѕвечкаат, бидејќи седеше исправено, во некоја вкочанета поза, која беше лажна како и нејзините локни. Не, ниту малку не ми се допаѓаше. И тука немаше никакви илузиидека баш таа би можела да ми биде од помош. Ми беше далечна и туѓа, непривлечна како штурите статии за поларните истражувачи, длабоко под мразот. И таму нешто живее и мрда, размислував оптегната на лажната кожа во кафулето, и таму природата веројатно има некои свои необјаснети мотиви, но кому тоа воопшто му е од помош?

Зборуваше за нејзиниот маж, некој пропаднат глумец, кој држи дуќан за хамбургери. И кој свирепо ја изневерува. И како таа не е љубоморна, но едноставно не разбира зошто тој го прави тоа. Потоа повторно сркнуваше од кафето и ја грицкаше својата привлечна уста.

Имаше онаков вид нокти од кои се плашев, налик на птичји. Нејзината маникирана канџичка ни за миг не ја испушташе шолјата. Шолјата беше потпирач, поткрепа. Понекогаш ги ставаше двете раце на неа, како да се обидуваше да се згрее на нешто што одамна се оладило.

-Би требало некогаш на раат да разговараме за тоа – реков.

Всушност, ништо не сакав да знам за нејзиниот маж, за нејзиниот живот, за доаѓањето од провинција во овој град, за количеството пот што го исфрла од себе на аеробик обидувајќи се да се претвори во секс- бомба. Би можела да се заколнам дека му ги глуми оргазмите на тој неталентиран глумец, кој никогаш не разбира ништо зашто и онака мисли на средношколките кои наутро купуваат хамбургери, вртејќи се во своите прешироки маици.

А тогаш ѝ го предложив тоа. Тоа за неодложната потреба еднаш на раат да се изнамуабетиме. Во мојот стан.

-Што пиеш? – ја прашав.

И тогаш конечно беше искрена:

-Купи пиво – рече. Девет пива за мене.

Не ни трепнав.

Девет пива за неа, плус шише бело вино за мене, сето тоа веќе беше оладено во фрижидерот кога затропа.

За малку не припаднав од таа глетка. Во мигот кога ја видов на вратата, нагло и необјасниво помислив на толку многу

работи, одеднаш. На мајка ми. На мајката на мојата мајка. На уредните миризливи ормани во кои ја чуваат постелнината, долната облека, теглите, резервите храна, помислив на своите песни, на фактот дека некогаш свирев на клавир, одев во музеи, шепотев во присуство на мермерот, шетав по планинските рамнинки, им носев цвеќиња и бонбониери на пријателите во неделните попладнија, им помагав да ги избањаат и да ги заспијат децата. А тогаш повторно бев тука, пред отворената врата, низ која влегуваше потскапаниот здив на доцната есен. Некој некаде го запалил својот прв зимски оган и не се надева на ништо добро. Едноставно, седи крај огнот, со рацете на лицето и крвоток бавен до бесмисла.

-Може ли да влезам?

Секако, таа вечер нејзина боја беше црната. Најтесните панталони кои можат да се замислат имаа по страните нешто налик на пруги од тантела. Иста таква црна тантела се наоѓаше на местото предвидено за блуза и не сокриваше ништо. Над сè, како извлечен од некој театарски декор, носеше вистински машки фрак. Високи, високи штикли и оние исти гломазни, ѕвечкави обетки. Она што сепак ме охрабри беше нејзиниот парфем.

Добар, возбудлив. Сѐ е многу полесно кога нешто мириса добро.

Се поместив настрана да ги пуштам тие тантели и тој парфем. И таа се доближи.

Првите две пива ги испи разгледувајќи ги полиците, книгите, колекцијата со месингани желки.

Третото пиво направи фракот да биде излишен.

Четвртото ги оттурна чевлите,ѝ ги свитка нозете под малечкото, испрчено газе и ја смести во ќошот на креветот.

Петтото го пиеше од шише, концентрирајќи се на движењето со кое нејзината друга рака, без многу погрешно талкање, требаше да стигне до чинијата со кикирики. Седев во фотелјата крај неа и го пиев своето бело вино. Веќе беше млако, но не ми беше важно. Ако веќе не сум на некој сплав на река и ако не го пијам со сода и пладневно сонце на темето, тогаш воопшто и не е важно. Може да помине и млако.

Без престан ги вадеше и повторно ги ставаше тие свои обетки и за тоа време зборуваше за мажотѝ кој ја изневерува:

-Понекогаш ќе се појави дури наутро. Побеснувам чекајќи. Решавам сешто да му

кажам. И тогаш тој влегува, ме погледнува на некој сосема посебен начин и јас веќе не сум во состојба да кажам ништо.

-Добро е кога некој умее да нè погледне. Мислам, ретко кој го прави тоа.

Размислуваше за тоа некое време, средувајќи го шестото пиво. Речениците почнаа да ѝ стануваат бавни. Зборуваше, со главата зафрлена на перницата, зборуваше како оние луѓе кои никогаш не ви поставуваат никакви лични прашања. А сепак, можете да бидете сто насто сигурни дека тука не се работи за никаков промислен обѕир. Нешто друго ги спречува овие луѓе да прашуваат, некоја друга, поужасна причина, некаков страв од сознание, од вистинска комуникација, некаква тажна невозможност да го сослушаат одговорот, да одглумат кимање со главата над туѓата досадна приказна. Бидејќи сите приказни беа подеднакво безнадежни, подеднакво неупотребливи во сопствениот живот.

И така таа речиси ништо не ме праша, па главно јас ја слушав како зборува и гледав како понекогаш врвовите од брадавиците ѝ се пробиваат низ црната тантела.

-Животот е одвратен - заклучи, сама отворајќи го седмото пиво. – Нè тера да почнеме да го чувствуваме она што всушност и не го

сакаме. До неодамна мислев дека ги мразам сите жени, зашто мажот ми веројатно би сакал сите да ги однесе во кревет, само кога би му се укажала шанса. И со тебе веројатно би се обидел. Го знам јас него. Би се обидел.

-Можеш да бидеш мирна-реков. Никогаш нема да одам во кревет со твојот маж.

-Не е во тоа работата! Еден момент решив да престанам да ги мразам. Разбираш? Не сакам да бидеш мој непријател, моја соперничка, ни ти, ни која било друга жена. Едноставно, одбивам да те мразам само затоа што тој веројатно би сакал да те изебе.

-Тоа е добро, не те мразам ни јас тебе. И нема да се ебам со твојот маж. Можеш да бидеш сигурна во тоа.

Иако мижеше, изгледаше дека сѐ уште ме слуша, а нејзината рака, обесена на креветот, знаеше дека тука некаде, на подот, се наоѓа нејзиното осмо. Со ногата го поттурнав пивото накај неа, до толку можев да направам. Едвај се разбирашетоа што го шепотеше:

-Гледаш, јас имам убава уста и убави гради. И за што тоа сега воопшто служи?

-Тоа за устата, гледам...

-Еве, види ми ги и градите.

Некако потстана и го направи тоа движење. Блузата летна на подот меѓу празните пивски шишиња.

-Навистина – реков – навистина имаш убави гради.

Тогаш, како тоа да беше сосема очекувано, ги соблече своите тесни панталони, едноставно се извлече од нив и продолжи да го пие своето осмо пиво. Сè што имаше на себе беа гаќичките, секако црни и секако со тантела. Бев мирна како моите месингани желки на полицата и исто толку бавна. Ја зеде мојата рака и почна полека да ја влече кон себе:

-Слободно допри ми ги градите...еве... овде...објасни ми што не е во ред со мене.

Одеднаш ми се причини дека ова овде и не е возрасна жена, туку некое напуштено, патетично дете. Како кога се обидувате да заспиете болно животно, така минував со дланките по нејзините брадавици:

-Убава си. Сè е во ред со тебе. Нема потреба да бидеш тажна.

Седнав на креветот и ѝ ја нишкав главата. Ми се чинеше како тоа да ѝ годи. Се смееше, потоа плачеше, па пак се смееше, зборуваше некои неповрзани и неразбирливи реченици, бараше да ја гушнам и да не ја пуштам, и јас

со двете раце ги лулав нејзините рамениции и главата. Косата ѝ мирисаше на парфемот, на чад од цигари, малку и на хамбургери. Рече дека најрадо би умрела сега, тука, додека ја држам, бидејќи никој никогаш порано не бил добар со неа, ниту со нејзините гради. И јас продолжив да бидам добра со нејзините гради, како да се тоа градите на мојата мајка, чијшто вкус го заборавив, како да се тоа градите на Дева Марија, како да се тоа абоносовите гради на Леонардовите мадони, како да се култните силиконски градина Бригит Нилсен, како да се тешките топли гради на Лаура Антонели, бев онолку добра колку што едно бескорисно човечко суштество може да биде добро со друго бескорисно човечко суштество. И тоа изгледа делуваше, бидејќи таа ја вовлече раката во гаќичките со тантела и работеше таму некое време, мрморејќи неразбирливи зборови. Потоа главата ѝ падна на моето рамо, раката се смири и остана под ластикот.

Малку подоцна, додека повторно во фотелјата го довршував своето вино, таа се облекуваше молчејќи, по обратен редослед: панталоните, блузата, чевлите, фракот, обетките. Но, ништо повеќе на неа не изгледаше како претходно. Повеќе личеше на некое девојче, во ноќен воз, во купе, на некое страшно долго и исцрпувачко патување.

Чиниш, минувајќи низ ходникот на тој воз, сум ја видела за миг во валканото стакло, чиниш само накратко ми се беше појавила нејзината глава, висната, потпрена на завесата, чиниш бев помислила „Зошто, по ѓаволите, ова дете уште не спие?“ и како во следниот вагон веќе да сум ја заборавила. Ете така изгледаше.

Но, едно беше сигурно: точно си ја знаеше мерката. Нејзиното деветто пиво, ладно, наградно, како од некој друг, проветрен свет, чекаше на неа во фрижидерот. Го испиваше додека ѝ викав такси, нејзиниот грб повторно ја заземаше онаа вкочанета положба.

Сѐ се враќаше по старо. Луѓето продолжија да си бидат туѓи и смешни еден на друг, во автобусите, во кафеаните, во креветите, луѓето продолжија да молчат, да бидат несигурни, да се плашат, да се чувствуваат виновни, да плачат, да чекаат, да лежат потресени во мракот, склопчени како болни полжави.

Јелена
Ленголд

# НИНА: ЕДИНАЕСЕТ ФРАГМЕНТИ

„ Љубов, убава како лудачка кошула...“

## I

Беше некаде околу пет наутро и можевме да чуеме како низ зградата одѕвонуваат првите потпетици кои одат на работа. Нина и јас лежевме на грб и јадевме чоколадо. Чаршафот под нас беше истуткан и малку влажен.

- Страшно чоколадо – рече Нина.

- Страшно. Никогаш во животот немам пробано подобро.

- Француско е - рече таа загледувајќи го омотот.

- Vive la France, Ниночка - реков, и ѝ ставив уште едно парче во устата.

Утрото делува нестварно ако воопшто не сте спиеле. Понекогаш во таквите утра ми се чинеше дека со измама сум го добила оној дел од животот кој не ми беше наменет. И, сосема малку, се плашев дека некогаш, некаде, ќе бидам казнета за оваа измама. Само што завршуваше третата ноќ крај Нина. Со последното парче чоколадо сфатив дека тој ден нема да одам на работа. Почнуваше есента. Утрата стануваа сѐ постудени. Меѓутоа, во устата, ни се растопуваше нешто неподносливо слатко.

## II

Сешто се случуваше на почетокот на таа есен. На пример, еден маж ме изневери. Не кој било маж. Мојот маж! Или барем мислев дека е мој? Но, ако мислев, зошто тогаш пребарував по неговата работна маса? Движењата ми беа толку грчевити, забрзани, растреперени... писма, писма, писма... имаше тука и мои писма, не се разликуваа многу од оние другите, тоа е гадното сознание. И тогаш, ТОА писмо! Рацете ми се смирија. Замижав, па отворив очи. И така неколку пати. Писмото сѐ уште беше тука. И датумот на него, кој и самиот беше доволен.

Едно парче заледено месо на масата остана да прави грда крвава дамка. Излегов од зградата, ги спуштив темните очила од челото на очите, го застанав првото такси, стигнав дома, и фрлајќи се право од вратата на креветот, го свртев бројот на Нина.

-Би можела неколку денови да поминеш кај мене - ѝ реков.

## III

Нина беше единствената моја пријателка во чие присуство мажите не беа клучна тема. Ги спомнувавме само патем. Единствено со неа не помислував дали тој третиот во собата гледа во мене или во неа. И која повеќе му се допаѓа. Бидејќи, која и да ја гледаше, не му вредеше. Ние гледавме една во друга.

Тогаш не мислев многу на тоа. Единствено знаев дека крај Нина е безбедно, на еден сосема поинаков начин.

## IV

Нина, секако, знаеше сè за мене и без да ѝ раскажам. На пример, таа вечер ми донесе огромен букет рози. Беа високи и витки, и личеа на неа. Го сместивме букетот во вазна. Отворивме вино. Седевме под ќебе, со подвиткани нозе. Нина ми читаше песна од

Виктор Иго. Завршуваше со стихот: „Сенката е секогаш црна“.

- Навистина. Како да се бориш против сенката? – ја прашав Нина.

- Со силно сонце или потполна темнина - рече таа и го фати прекинувачот над својата глава. Стана темница. Во која немаше сенки. Го надминуваше црнилото. Надминуваше сѐ што дотогаш се случило.

## V

Наутро имаше обичај да се шета боса по станот, во своите бели пижами, безволно да јаде пченкарни снегулки и млеко. Ги менуваше програмите на радиото, на телевизорот. Џебовите од пижамите ѝ беа полни со далечински управувачи. Го душкав нејзиниот парфем во бањата. Ме потсетуваше на она место помеѓу малите, меки гради на Нина.

## VI

Една вечер ја капев Нина. Плескаше со своите тенки раце по кадата и викаше „Жешко, жешко!“, а потоа ја зафрли главата station наназад и ме пушти да ѝ ја измијам косата. Молчевме и чувствувавме како сапуницата ни се лизга низ дланките. Сѐ се лизгаше. Неколку меурчиња

влегоа во нејзиниот папок. Нина беше темна и мазна. Кога се исправи во кадата и кога целата коса ѝ беше залепена на главата, ми се чинеше дека открив уште едно нејзино лице. Секогаш откривав некои нејзини нови лица. Ова ги имаше најтемните очи што кога било ме погледнале. Беа преполни со топла, густа страст што ме подигаше од земја. Потоа излезе од кадата и ме остави да ја замотам во мојата бањарка. Се нишаше околу неа, како шпицестите краеви на мантилите какви што носат шумските вили. Направи да се потсетам на тие вили по многу години. И да заборавам многу нешта. Полека исчезнуваше дури и смислата на ОНА писмо. Само понекогаш, сѐ уште, мислев на ракописот на таа девојка, на нејзините болежливо заоблени букви, слични на оние што и самата ги пишувам, и тоа направи за неа да почувствувам нешто како сочувство. Еден ден и таа ќе пронајде некое такво писмо, помислив. Или нема да пронајде, што е уште полошо. Ќе направи вечера, ќе погледне многу пати во часовникот, и тогаш тој ќе се врати, неодредено намќорест и неодредено уморен. Заради што таа ќе почувствува неодредена вина. Тогаш тој ќе каже дека вечерата е ок, и нејзе ќе ѝ олесни.

Го допрев носот на Нина. Беше студен и убаво мирисаше.

## VII

Сешто, велам, се случуваше таа есен. На пример, градот беше невообичаено полн со просјаци. Или ние двете почесто ги забележувавме. Ни самите немавме којзнае колку пари. Одевме така низ градот, Нина ја криеше својата рака во мојот џеб и ме смируваше со оние нејзини растегнати вокали дека тоа е „тооооолку неупааааадливо“. Потоа претуравме по чантите и одевме на дупло кафе.

Тоа момче беше нечисто и босо, и одеше од маса до маса, едноставно држејќи ја раката исправена. Прво му рековме дека немаме пари. Што во принцип беше точно. Но, само во принцип. Потоа истрчавме по него на улица и му тутнавме во рака една книжна пара. Не изгледаше изненадено. Ни благодарно. Ни среќно. Ни тажно. Тивко рече „фала“ и се сврте на другата страна. Просјаците би требало да го почитуваат кодексот според кој по нив се чувствуваме подобри и поблагородни. Овој не го познаваше тоа правило.

Ја прашав Нина дали некогаш имала абортус. Еднаш, рече, кога имала седумнаесет години. Ѝ рекла на мајка ѝ дека класот оди на излет. Мајка ѝ ѝ ги испеглала белите панталони.

-Болките се најмал проблем – рече Нина. – Најтешко од сè беше да се вратиш дома со сосема бели панталони.

Во најмала рака беше невообичаено некој со кого навечер се гушкам да знае како изгледа абортусот. Нешто подоцна, на кејот, Нина ме бакна во вратот. Едноставно се навали накај мене и го завлече лицето во мојата јака. Тоа беше „тоооолку упаааадливо“. Потоа рече дека и онака веќе паѓа магла. Всушност, не мораше да го каже тоа. Со магла или не, не ми беше важно дали некој нè гледа.

## VIII

Едно од непознатите лица на Нина беше она кога се гушкавме. Додека се преслекуваше, ме обземаше огромна желба да се припијам до нејзиниот грб и да ја допирам. Нина тогаш испушташе глас кој можеше да значи сè: страв, болка, задоволство, спротивставување, предавање, немоќ...

- Да не знам дека ти е убаво, би помислила дека страдаш – ѝ реков на Нина, свртувајќи се и загледувајќи се во нејзиното лице.

Усните ѝ беа свиткани надолу, здивот краток и брз, целото нејзино тело се поведуваше по таа снеможеност на лицето и се чинеше дека некои големи и тешки окови околу нозете го